**20261482120**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Се прогласува Законот За изменување и дополнување на законот за ревизија,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2026 година.

Бр. 08-4360/1
29 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Член 1

Во Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија број 122/21), во член 10 став (1) алинејата 5 се менува и гласи:

„-да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик не постар од пет години:

1) ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода;
2) ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода;
3) ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво;
4) ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен;
5) БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода и
6) АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) или да поседува сертификат и/или уверение со кои се потврдува познавањето на еден од четирите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски, германски или италијански) на ниво Б2 (B2);“.

Член 2

Во член 12 став (1) во алинејата 4 сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со точка.

Во алинејата 5 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и”.

По алинејата 5 се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:
„- при извршувањето на функцијата постапувал спротивно на закон,
- го нарушил угледот на институцијата,
- не презел соодветни активности за реализација на стратешките цели на Советот,
- со ревизорски извештај се утврдени состојби коишто се однесуваат на слабости во системот на внатрешните контроли на Советот со што се загрозува исполнувањето на стратешките цели на Советот и/или“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.